АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул.Стале Попов бр.9, мезанин, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## за измена на рокови и термини по Објава број 3 за издавање под закуп на деловен простор во државна сопственост

Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје ја известува јавноста и сите заинтересирани правни и физички лица дека **крајниот рок за аплицирање преку електронскиот систем за јавно наддавање се продолжува за 7 (седум) дена, односно наместо до 29.10.2018 година (понеделник) пријавувањето може да се изврши најдоцна до 05.11.2018 година (понеделник) до 23:59 часот.**

Согласно погоре наведеното, **се пролонгира и крајниот рок за доставување на документите во хартиена форма (во оригинал или нотарски заверена копија) од 29.10.2018 година (понеделник) на 05.11.2018 година (понеделник), односно истите треба да бидат предадени во архивата на Акционерското друштво на ул.Стале Попов бр.9, мезанин, локал 5 во Скопје и тоа најдоцна до 16:30 часот на 05.11.2018 година (понеделник).**

Исто така, поради промената на крајните рокови за аплицирање и доставување на задолжителната документација, **се менуваат и термините (датум и време) за јавните наддавања за сите понудени 144 (сто четириесет и четири) деловни објекти на територијата на Република Македонија и тоа за 7 (седум) дена подоцна од претходно наведените датум и час на започнување на електронското јавно наддавање во Огласот бр.3 кој што беше објавен на 13.10.2018 година.**

Промената на крајниот рок за аплицирање и доставување на документацијата, како и термините за електронското јавно наддавање се **поради проблеми во функционирањето на електронскиот систем за јавно наддавање** кој е во надлежност на Министерството за транспорт и врски, а поради што заинтересираните апликанти не беа во можност да се пријават и да ги прикачат задолжителните документи.

**Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје**